UNIQA Арх. 2020_0202_195 од 30.12.2020 г

Управниот одбор на Друштвото за осигурување УНИКА А.Д Скопје на седница одржана на ден 30.12.2020 год. ја донесе следната

# ОДЛУКА

## Член 1

1. Се менуваат и дополнуваат Услови за осигурување на одговорноста на превозниците во друмскиот сообраќај во домашен и меѓународен транспорт-ЦМР број 0203-081/14 од 07.07.2014 година .

## Член 2

По членот 17 се додаваат три нови члена кои гласат:

Член 18

Составен дел на договорот за осигурување склучен според овие Услови за осигурување се Општите услови за осигурување од општа одговорност, а доколку нивната содржина е во спротивност со овие Услови, се применува соодветната одредба од овие Услови.

За се што не е предвидено со овие Услови важат одредбите на Општите услови за Осигурување од општа одговорност.

Член 19

Орган надлежен за супервизија на друштвото за осигурување е Агенцијата за супервизија на осигурување до која осигуреникот ,корисникот или трето лице може да се обрати до допис или барање за заштита на своите права, поднесување на жалби или преставки.

Член 20

Во случај на спор во врска со примената на овие Услови во поглед на односите помеѓу осигурувачот и осигуреникот/корисникот на осигурување или трети лица за извршувањето, обемот и пристигнувањето на обврските ке се примени Закон за облигациони односи ,Законот за супервизија на осигурувањето и другите важечки законски и подзаконски акти.

## Член 3

Услови за осигурување на одговорноста на превозниците во друмскиот сообраќај во домашен и меѓународен транспорт-ЦМР број 0203-081/14 од 07.07.2014 година од денот на стапување во сила на оваа одлука престануваат да важат .

## Член 4

Условите за осигурување на одговорноста на превозниците во друмскиот сообраќај во домашен и меѓународен транспорт-ЦМР да се објават на веб страната на УНИКА АД Скопје.

## Член 5

Овие измени стапуваат на сила на 01.01.2021 година

## Член 6

Се задолжува правна служба условите да ги изготви во соодветна форма согласно законските прописи и во рок од 5 дена од донесување на оваа одлука да ги достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.

## Образложение:

Друштвото за осигурување во рамки на постапката за ревизија на Условите за осигурување ,спроведе анализа на истите заради утврдување дали истите се усогласени со законските одредби особено со членот 49,50 и членот 52 од ЗСО.Измените се во насока на јасно укажување на надлежностите .

Новите услови ке се применуваат за договори склучени од 01.01.2021 година.

Претседател на Управен одбор
на УНИКА А.Д. Скопје
Дритон Азизи

UNIQA
Друштво за осигурување
УНИКА А.Д. Скопје
Генерална дирекција